Врз основа на член 20-г став 1 и 2, член 22, став 1 и став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 199/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, 14/20, 208/24 и 210/24), како и член 22 и 23 од Законот за работните односи (“Службен весник на Република Македонија” бр.167/15 - преч.текст, 27/16 и 120/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), како и одредбите од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор (Службен весник на Република Северна Македонија” бр.242/24), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на установата бр.04-327/3 од 18.11.2024 година, Одлуката за објавување на јавен оглас бр.04-729/1 од 03.11.2026 година и Известувањето за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.19-2886/4 и 19-3496/4од 29.10.2026 година, Националната Установа Оркестар за џез музика на РСМ – Скопје, објавува:

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА INSTITUTI NACIONAL ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. Ж-729/2
03.11 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЈАВЕН ОГЛАС БР.02/2026**

за вработување на определено работно време за 1 (едно) лице

Националната Установа Оркестар за џез музика на РСМ – Скопје, има потреба од вработување на 1 (едно) лице на определено време за следново работно место:

Еден (1) извршител на работно место – **КУЛ 01 02 В04 001** - Помлад соработник за административни, општи и правни работи

**Посебни услови**: ниво на стручни квалификации VIБ според Македонската рамка на квалификациии стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен

- Завршено Високо образование – Општествени науки: Право, Економија и Бизнис, Политички науки
- Работно искуство: со или без работно искуство во струката
- Паричен нето износ на плата – 44,880 денари

Кандидатите за работните места треба да ги исполнува следниве:

**Општи услови**:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи Македонскиот јазик (ќе се утврди на интервјуто);
- да е полнолетен (на увид копија од лична карта);
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност
- или должност.

**Општи работни компетенции**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни, и
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време:**

- Работни денови: понеделник – петок;
- Работно време: од 8:30-16:30 часот;
- Работни часови: 40 неделно

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 (три) работни дена сметано од наредниот ден од објавувањето на огласот во дневниот печат и на интернет страната на Оркестарот (www. jazzorchestra.mk.) (не сметајќи го денот на објавување на огласот). По истекот на рокот за пријавување, огласот ќе биде отстранет од интернет страницата на Оркестарот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на Националната Установа Оркестар за џез музика на РСМ – Скопје (секој ден од 9,00 до 14,00 часот) или да се симне од интернет страната www. jazzorchestra.mk. Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи **(во оригинал или копија заверена на нотар)** за исполнување на општите и посебните услови:

- Уверение за државјанство;
- Доказ за општа здравствена способност за работното место/Лекарско уверение, издадено од доктор специјалист по медицина на труд (не постаро од шест месеци);
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци);
- Доказ- Диплома/Уверение за завршено образование;
- Доказ/Потврда за работно искуство (потврда од АВРСМ)
- Доказ/Сертификат за познавање на странски јазик;
- Доказ/Сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Пријавата со потребната документација во затворен плик кандидатите треба да ја достават директно во архивата на Орекстарот (секој работен ден од 9,00 до 14,00 часот) или по пошта во затворен плик со назнака „За јавен оглас за вработување бр.02/2026“ на адреса: Национална Установа Оркестар за џез музика на РСМ – Скопје Бул. Гоце Делчев бр.4, 1000 Скопје.

Ненавремените пријави нема да се разгледуваат. Проверка на пријавата и доказите, како и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. За кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази, ќе се спроведе интервју за кое кандидати преку електронска пошта или на телефонскиот број (кои ќе бидат наведена во пријавата) ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување.

Изборот ќе се изврши во зависност од бројот на пријавените кандидати но не подоцна од рокот определен во член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Одлуката за избор на кандидатот за вработување ќе биде објавена на интернет страницата на Оркестарот и ќе биде доставена до сите пријавени кандидати согласно закон.

Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2026 година.

Сите доставени информации ќе се третираат како строго доверливи.

Националната Установа Оркестар за џез музика на РСМ – Скопје

**ДИРЕКТОР**
Гоце Стевковски